20262784997

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.274/22, 255/24, 59/25, 58/26 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за проширена репродукција на шумите за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.29/26 и 224/26), делот II се менува и гласи:

„За извршување на работите и мерките од дел I од оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

Ред. број	Извор	Износ (денари)
1.	Буџет на Република Северна Македонија	15.238.261,00
Вкупно:		15.238.261,00

II

Во делот III став 1 во воведната реченица износот „19.373.000,00“ се заменува со износот „15.238.261,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

Ред. бр.	Вид на работа / мерка	Извршител	Количина и единечна мерка	Цена по единечна мерка (денари)	Износ (денари)
1.	Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова - пошумување со садници	ЈП „Национални шуми“	47.64 ха	142.560,00	6.791.861,00
2.	Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)	Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје	/	/	1.235.995,64
3.	Неизмирени обврски од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година за:	/	/	/	/
3.1.	Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост	Сопственик на шуми во приватна сопственост	1,0 ха	85.000,00	85.000,00
3.2.	Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со: 1.1 пошумување со садници 1.2 пошумување со семе (подсејување)	ЈП „Национални шуми“	 14.9 ха 53.76 ха	 142.560,00 70.836,00	 2.124.144,00 3.808.143,36
3.3.	Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)	Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје		1.193.117,00	1.193.117,00
Вкупно:					15.238.261,00

“

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-9161/3
24 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.